# З А П И С Н И К
**од Седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 19.6.2017 година**

**Скопје, јуни 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Седмата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 19.6.2017 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљиjи, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваше и м-р Магдалена Несторовска, државен секретар во Министерството за внатрешни работи.

Од седницата отсуствуваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

- **Усвојување на Записникот од 4-та седница на Владата, одржана на 13.6.2017 година**

**ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД**

- СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИОРИТЕТИТЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ВЛЕЗ ВО НАТО

**А. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) Гости**

1. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕКОНСТРУКЦИЈА/ИЗГРАДБА НА ТРИБИНИ НА ГРАДСКИОТ СТАДИОН ВО ОПШТИНА СТРУМИЦА

**б) Економски систем и тековна економска политика**

2. ИНФОРМАЦИЈА ВО ВРСКА СО ОДРЖУВАЊЕ НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ЕВН МАКЕДОНИЈА АД, СКОПЈЕ, ЗАКАЖАНО ЗА 29.6.2017 ГОДИНА

**в) политички систем**

3. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РАБОТЕН АРАНЖМАН ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АГЕНЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ОБУКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ (ЦЕПОЛ), СО НОВ УСОГЛАСЕН ТЕКСТ НА РАБОТЕН АРАНЖМАН ПОМЕЃУ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И АГЕНЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА ЗА ОБУКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОН

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

4. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ ВО ПЕНЗИСКИОТ СИСТЕМ

5. ИНФОРМАЦИЈА СО ПРЕПОРАКИ ДО ОПШТИНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДА ГИ РАЗГЛЕДААТ МОЖНОСТИТЕ ЗА ПРЕДВИДУВАЊЕ ЛОКАЦИИ ЗА НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ, КАКО И ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИ ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО РАМКИТЕ НА ИСТА ПАРЦЕЛА ДО ПОСТОЈНИТЕ ГРАДИНКИ

**Б. МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна политика**

**б) политички систем**

6. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ГРАДБИ ОД ПОСЕБЕН ИНТЕРЕС ЗАРАДИ ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

**в) човечки ресурски и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

7. ИНИЦИЈАТИВА ПОДНЕСЕНА ОД ОД ТОНИ НАНЧОВСКИ, АДВОКАТ ОД РЕСЕН, ДОСТАВЕНА ДО УСТАВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ПОД У.БР.33/2017, ЗА ПОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ЧЛЕН 84 СТАВОВИ 1, 2 И 3, СТАВ 7 ВО ДЕЛОТ: „(3)“ И СТАВ 8 ВО ДЕЛОТ (1) ПОСТАПУВАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛОТ, ОД ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ („СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“ БР.72/2016 И 142/2016)

**В) ДРУГИ ПРЕДЛОЗИ**

8. КАДРОВСКИ ПРАШАЊА

9. ПРАШАЊА И ПРЕДЛОЗИ

**Г) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

10. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ, ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 ГОДИНА

11. ИНФОРМАЦИЈА ЗА МОЖНОСТА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ НА ПОСЕБНИОТ СОФТВЕР ЗА ВНЕСУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА СООБРАЌАЈНИТЕ НЕЗГОДИ СО БАЗАТА НА ПОДАТОЦИ НА ОСИГУРИТЕЛНИТЕ КОМПАНИИ И НАЦИОНАЛНОТО БИРО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

12. ИНФОРМАЦИЈА ЗА РЕГИСТРИРАНИ ИНЦИДЕНТИ НА НАСИЛСТВО ВО УЧИЛИШТАТА И ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 ГОДИНА

13. ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ НА КРИУМЧАРЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ПРЕХРАНБЕНИ ПРОИЗВОДИ И ЖИВ ДОБИТОК НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ И ИЛЕГАЛНИТЕ ПРЕМИНИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1.1.2017 ДО 31.3.2017 ГОДИНА

14. ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА, ВО ПЕРИОДОТ ОД 1.1.2017 ДО 31.3.2017 ГОДИНА

15. ИНФОРМАЦИЈА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА БЕСПРАВНАТА СЕЧА НА ШУМИ, ВО ПЕРИОДОТ ОД 1.1.2017 ГОДИНА ДО 31.3.2017 ГОДИНА, СО ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ

*

* *

Владата без забелешки го усвои Записникот од Четвртата седница на Владата, одржана на 13.6.2017 година

*

* *

**Пред преминување на Дневен ред:**

- **Статус на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО**

Министерот за надворешни работи, м-р Никола Димитров, ги информираше членовите на Владата за статусот на реализација на приоритетите на Република Македонија за влез во НАТО.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Информацијата за реконструкција/изградба на трибини на градскиот стадион во Општина Струмица ја задолжи Агенцијата за млади и спорт, во соработка со Фудбалската федерација на Македонија, заради јавниот интерес во спортот и афирмирањето на меѓународниот фудбал во Република Македонија да изврши изградба, реконструкција, санација и адаптација на фудбалскиот стадион во Струмица кој се наоѓа на КП бр.18/1, КО Струмица и КП бр.10/1, КО Струмица, запишан во Имотен лист бр. 131335 и Имотен лист бр.51331, со финансиски средства од Фудбалската федерација на Македонија, согласно барањето доставено од Фудбалската федерација на Македонија преку Агенцијата за млади и спорт, бр.0302-841/1 од 19.4.2017 година и врз основа на писмената согласност на концесионерот на фудбалскиот стадион во Струмица.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со одржување на Годишно собрание на акционери на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 29.6.2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Исмаил Љума, од Министерството за економија, согласно член 392 од Законот за трговските друштва, во својство на полномошник на Владата на Република Македонија, како акционер во ЕВН Македонија АД Скопје, да присуствува на Годишното собрание на акционери, закажано за 29.6.2017 година, во 11.30 часот.

Издаденото полномошно да биде заверено кај нотар.

2. Се овластува полномошникот да гласа „ЗА" по сите точки од Процедуралниот дел, како и за точките 1, 2, 3, 4, 6, 7, 8 и 9 од Работниот дел на Годишното собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 29.6.2017 година.

3. Се овластува полномошникот да гласа „ВОЗДРЖАНО", за точката 5 од Работниот дел на Годишното собрание на акционери на ЕВН Македонија АД Скопје, закажано за 29.6.2017 година.

Истовремено, Владата заклучи пред одржувањето на Годишното собрание на акционери на ЕВН Македонија АД, Скопје, закажано за 29.6.2017 година, д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и Исмаил Љума од Министерството за економија да остварат работна средба на која ќе ги прецизираат точните насоки за тоа како полномошникот на Владата да настапи на Годишното собрание по однос на суштината на Статутарните измени и дополнувања на ЕВН Македонија АД, Скопје (точка 8 од Дневниот ред на Годишното собрание), како и за трошоците кои домашната компанија ЕВН Македонија АД, Скопје ги плаќа на компанијата со седиште во Виена.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за Работен аранжман помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Агенцијата на Европската Унија за обуки за спроведување на законот (ЦЕПОЛ), со нов усогласен текст на Работен аранжман помеѓу Министерството за

внатрешни работи на Република Македонија и Агенцијата на Европската Унија за обуки за спроведување на закон и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го разгледа и прифати усогласениот текст на Работниот аранжман помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Агенцијата на Европската Унија за обуки за спроведување на законот (ЦЕПОЛ).

2. Го овласти Оливер Спасовски, заменик на претседателот на Владата и министер за внатрешни работи да го потпише Работниот аранжман помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Македонија и Агенцијата на Европската Унија за обуки за спроведување на законот (ЦЕПОЛ).

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на совет за следење на состојбите во пензискиот систем, со Предлог-одлука за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за формирање на Совет за следење на состојбите во пензискиот систем, во предложениот текст.

2. Се задолжува министерот за труд и социјална политика, во рок од пет дена, да свика седница на Советот.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата со препораки до општините во Република Македонија да ги разгледаат можностите за предвидување локации за нови детски градинки, како и за изградба на нови детски градинки во рамките на иста парцела до постојните градинки (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на општините во Република Македонија да ги разгледаат можностите за предвидување локации за нови детски градинки, како и за изградба на нови детски градинки во рамките на иста парцела до постојните градинки и за истото повратно да го известат Министерството за труд и социјална политика, најдоцна до крајот на септември 2017 година.

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и до октомври 2017 година до Владата да достави информација со акциски план за сите предложени слободни локации од општините, со конкретни рокови.

Истовремено, се задолжува Министерството за труд и социјална политика да изработи мапа на критични општини каде што нема постоечки капацитети за сместување и заштита на деца, односно преглед на потреби и преглед на можности и истата да ја достави до Владата во прилог на информацијата од заклучокот бр.2.

**Точка 6**

Владата ја донесе Одлуката за утврдување на градби од посебен интерес заради изработка на урбанистичко-планска документација (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата ја разгледа Иницијативата од Тони Нанчовски, адвокат од Ресен, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.33/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 84 ставови 1, 2 и 3, став 7 во делот: „(3)" и став 8 во делот (1) постапување на извршителот, од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија" бр.72/2016 и 142/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека членот 84, став (1) од Законот за извршување, му давал право на извршителот да може без одобрување на оние што живеат во определен простор, да влегува и презема дејствија во истиот. Истиот член од Законот му давал право да врши и претрес на лица без притоа да определи на кој начин истото се извршува, оправдувајќи го со општа формулација ,,да постапува со должна почит спрема личноста на должникот и членовите на неговото домаќинство, што било во спротивност со Уставот и Законот за кривична постапка во кој детално е определена постапката за претрес на лице. Обезбедената еднократна писмена дозвола од претседателот на основниот суд на чие подрачје се спроведува извршувањето во која не се назначува денот на преземањето на дејствието, а важи до завршување на дејствието кое се презема, не било, и не можело да биде оправдано и било во директна спротивност со уставната норма „со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето". Судската одлука се донесувала како пресуда, решение, наредба, а никако во форма на дозвола.

Подносителот на иницијативата наведува дека и ставот (2) од истиот член од Законот за извршување не бил уставен од претходно наведените причини.

Подносителот на Иницијативата наведува дека ставот (3), од членот 84 од Законот за извршување бил во спротивност со член 26 од Уставот на Република Македонија бидејќи предвидувал преземање дејствија од страна на извршителот, односно влегување во станот (домот) и без согласност дури и ако должникот, неговиот застапник, полномошник или полнолетен член на неговото домаќинство во тој момент не се присутни во станот (домот).
Противуставно предвидувало насилно влегување во стан (дом) кој е заклучен и во кој не се присутни лицата кои живеат во него за потоа да даде можност да биде променета бравата од станот (домот), новиот клуч да се остави кај старател за посебни случаи, кој на барање на извршителот го определува Центарот за социјални работи.
Подносителот на Иницијативата наведува дека ставот (7) од членот 84 од Законот за извршување бил во спротивност со член 26 од Уставот на Република Македонија, во делот/зборот/бројот (3) бидејќи се однесувал на ставот (3) од член 84 од Законот за извршување, кој бил противуставен.

Подносителот на Иницијативата наведува дека ставот (8) од членот 84 од Законот за извршување бил во спротивност со член 26 од Уставот на Република Македонија, во делот/зборот/броевите (1) до (3) бидејќи се однесува на ставовите (1), (2) и (3) од членот 84 од Законот за извршување кои биле противуставни.

Воедно, подносителот на Иницијативата поднесува и предлог, согласно член 27, став (1) од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија, односно до донесување на конечна одлука, Уставниот суд на Република Македонија да донел решение за запирање на дејствијата што се преземени или се преземаат врз основа на член 84 ставовите (1), (2), (3), (7) и (8) од Законот за извршување, бидејќи со неговото извршување, настанувале или можело да настанат тешко

отстранливи последици по основните слободи и права на човекот и граѓанинот, загарантирани со член 26 од Уставот на Република Македонија.

Подносителот на Иницијативата наведува, дека од професионално и од лично искуство, покрај средството на извршување „пренос на средства што се водат на сметката кај носител на платен промет согласно со прописите за платен промет „извршување со попис и процена на лични ствари во домот на должникот, се користело од страна на извршителите во илјадници предмети, поради што може да се применат други средства за извршување од страна на извршителот и процесот на извршување успешно да бил спроведен заради намирување на доверителот.

Ваквите наводи на подносителот на иницијативата се неосновани од следните причини:
Донесувањето на Законот за извршување е во насока на натамошно имплементирање на современите достигнувања во областа на извршувањето следејќи ги компаративните искуства и европските стандарди во однос на модернизирање на граѓанското законодавство, поголема правна сигурност и заштита на правата на граѓаните.

Според член 11 од Законот за извршување извршителите се лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, именувани/согласно со одредбите на овој закон, кои директно одлучуваат за дејствијата што треба да се преземат во рамките на нивните овластувања, за да се спроведе извршната исправа и да ги преземат извршните дејствија.
Според член 1 од Законот за извршување, со овој закон се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено. Одредбите од овој закон се применуваат и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено, врз присилно извршување на нотарски исправи и други извршни исправи предвидени со закон, како и на извршување на брод и на воздухоплов.

Согласно член 3, став (1) од Законот за извршување, извршителот го спроведува извршувањето.

Извршителот, заменикот на извршител и помошникот на извршител, согласно член 11 точка 7) од Законот за извршување, се лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, именувани согласно со одредбите на овој закон, кои директно одлучуваат за дејствијата што треба да се преземат во рамките на нивните овластувања, за да се спроведе извршната одлука и да ги преземат извршните дејствија;
Согласно член 12, став (1) од Законот, извршни исправи се:
1) извршна судска одлука и судско порамнување;
2) извршна одлука и порамнување во управна постапка, ако гласат на исполнување на парична обврска;
3) извршна нотарска исправа;
4) заклучокот на извршителот за утврдување на трошоците на извршувањето;
5) решение за издавање на нотарски платен налог и
6) друга исправа која како извршна исправа е предвидена со закон.

Согласно член 17 став (1) од овој закон, извршната исправа е подобна за извршување ако во неа се назначени доверителот и должникот, како и предметот, видот, обемот и времето на исполнувањето на обврската, а според став (2) од истиот член, ако во извршната исправа не е определен рокот за доброволно исполнување на обврската, извршителот со покана го повикува должникот во рок од

осум дена од денот на доставувањето на поканата да ја исполни обврската утврдена во извршната исправа.

Според член 24 од Законот, извршување заради остварување на парично побарување може да се изврши само со продажба на подвижни предмети, продажба на недвижности, продажба на хартии од вредност и удели во трговски друштва, пренос на парично побарување, претворање во пари на други имотни права и пренос на средства што се водат на сметката кај носител на платен промет согласно со прописите за платен промет.
Согласно член 40, став (1) од Законот за извршување, извршителот ги презема следниве дејствија: прима барања за извршување; врши достава на судски писмена врз основа на решение на суд согласно одредбите од Законот за парничната постапка; врши достава на налози, записници, заклучоци и други документи кои произлегуваат од вршењето на неговата работа; врши легитимирање на странките и учесниците во извршувањето; прибира податоци за имотната состојба и други податоци за должникот во функција на извршувањето; донесува налози и заклучоци, составува записници, барања, потврди и службени белешки, согласно со одредбите на овој закон; врши попис, процена, пленидба и продажба на подвижни предмети, права и недвижности, прима средства од должникот, предава во владение; распределува средства од извршување; врши продажба на подвижни и недвижни предмети и спроведува извршување врз други имотни права во стечајна постапка, по барање на стечајниот управник, освен продажба на деловниот потфат; врши пломбирање (запечатување) на подвижни предмети и недвижности, заради оневозможување на нивната употреба или трошење со ставање жиг на извршителот; врши испразнување од луѓе и од ствари и предавање на недвижности и презема други дејствија потребни за спроведување на извршувањето определени со закон; врши објавувања во средствата за јавно информирање; поднесува барања за поставување на старател за посебни случаи до Центарот за социјални работи кога за посебни случаи адресата на должникот е непозната или нема застапник; поднесува барање за добивање на податоци за поседување на трансакциска сметка до правното лице кое го води Единствениот регистар на трансакциски сметки во врска со предметот на извршување; поднесува барање за распишување на потрага и запирање на моторното возило предмет на извршување до Министерството за внатрешни работи; дава известување за состојба на предмет по барање на странките; презема други дејствија во врска со доверени работи од судот; презема дејствија за обезбедување на материјални докази како доверена работа од судот; издава потврда за намиреност на побарувањето; презема дејствија за вонсудска наплата на долгови и врши и други дејствија предвидени со закон.

Спроведувањето на извршувањето е регулирано со посебна глава IX од Законот. Така согласно член 83 од оваа глава, извршувањето по правило се спроведува секој ден од 6:00 до 21:00 часот.

Со дозвола на претседателот на основниот суд на чие подрчје се спроведува извршувањето, извршувањето може да се спроведе независно од термините утврдени во ставот (1) на овој член.

Според оспоруваниот член 84 став (1) од Законот за извршување, извршителот е должен при преземање на дејствија во станот на должникот, при пребарување на облеката што тој ја носи на себе и при преземање на другите дејствија, да постапува со должна почит спрема личноста на должникот и членовите на неговото домаќинство. За преземање на секое дејствие во станот на должникот, кој е физичко лице, извршителот обезбедува еднократна писмена дозвола за конкретно дејствие од претседателот на основниот суд на чие подрачје се спроведува извршувањето, во која не се назначува денот на преземањето на дејствието, а важи до завршување на дејствието кое се презема.

Според став (2) од истиот член, писмената дозвола важи 30 дена од денот на издавањето.

Според став (3) од истиот член, на преземените дејствија во станот на должникот на кои не присуствува должникот, негов законски застапник, полномошник или полнолетен член на неговото домаќинство, мора да присуствува полиција и двајца полнолетни сведоци. Доколку при тоа е променета бравата од станот, новиот клуч се остава кај старател за посебни случаи (во понатамошниот текст: старател), кој на барање на извршителот го определува Центарот за социјални работи.

Според став (7) од истиот член, доколку извршителот при преземањето на дејствијата од ставовите (3), (4), (5) и (6) на овој член не може да обезбеди присуство на двајца полнолетни сведоци, тој може да повика нотар.

Според став (8) од истиот член, извршителот за преземените дејствија од ставовите (1) до (7) на овој член составува записник кој го потпишуваат присутните сведоци и полицијата. Доколку извршителот дејствијата ги преземал во присуство на нотар, нотарот составува записник согласно со Закон за нотаријатот.

Имено, оваа одредба се применува кога се врши спроведување на извршување врз подвижни предмети, односно извршување со попис, процена и пленидба на предметите утврдено со одредбите од член 94-115 од Законот за извршување, во случај кога должникот не постапил по налогот на извршителот согласно член 96 став (1) од Законот, според кој извршителот пред да пристапи кон пописот со налог ќе му наложи на должникот да го плати износот утврден во извршната исправа заедно со каматата и трошоците.

Според член 86, став (1) од Законот за извршување, странката, учесникот или трето лице коешто смета дека извршителот при извршувањето постапувал незаконито или пак, пропуштил да преземе определено законско дејствие, може да поднесе приговор до основниот суд на чие подрачје е извршувањето или пак дел од него, се спроведува.

Согласно став (5) на истиот член, судот, донесува решение по приговорот, а според став (6) на овој член, со решението приговорот може да се отфрли, одбие или усвои. Според став (7) на истиот член, судот со решението со кое го усвојува приговорот, ги утврдува сторените незаконитости и ги става вон сила преземените извршни дејствија или пак, го утврдува пропуштањето за преземање на определено законско дејствие.

Согласно член 87 став (1) од Законот, против решението од член 86 од овој закон, странката, учесникот или третото лице и извршителот има право да поднесе жалба до апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд.

Според став (7) на овој член, апелациониот суд, одлучувајќи по жалбата, може решението да го укине, потврди или да го преиначи.

Од анализата на наведените законски одредби и на Законот во целина, произлегува дека законодавецот, во согласност со своите уставни надлежности да донесува закони и да уредува одделни области од општествениот живот, јасно и прецизно утврдил што се подразбира под извршување во смисла на овој закон, како и ја пропишал постапката за спроведување на извршувањето, која вклучува и право на жалба против решението донесено од страна на првостепениот суд во постапката за извршување кога се сторени незаконитости од страна на извршителот.

Од горенаведеното, иако оспорената дозвола ја издава претседателот на основниот суд на подрачјето каде се врши извршувањето, дозволата не може да се смета како вид на одлука донесена во постапка во прв степен пред судот, со која се решава за одредени права и обврски на странките. Наведената дозвола претставува последен акт во низата на акти и дејствија потребни за законито реализирање на извршувањето, кој има за цел да потврди дека извршувањето се однесува на правосилен или конечен акт кој несомнено доспеал за извршување и дека се исполнети сите пропишани услови и дејствија неопходни за законито реализирање на извршувањето кое нужно подразбира присуство на извршителот во станот на должникот, заради попис и процена на движни ствари. Тоа практично значи дека претседателот на судот издава дозвола, извршителот, во станот на должникот, да ги преземе потребните дејствија за извршување врз подвижни предмети, кое се спроведува со попис, процена, пленидба и продажба на предметите и намирување на доверителот од износот добиен со продажбата, во постапка регулирана со одредбите од член 94 до член 115 од Законот за извршување. Дозволата е судска гаранција дека извршителот има законски основ за влез во станот на должникот и преземање на законски утврдени дејствија кои имаат за цел реализација на доспеана обврска, која не е доброволно исполнета, што е утврдено во претходно водена и завршена судска или управна постапка, односно дозволата не претставува одлука на судот со која се утврдува или се решава за одредени права и обврски на странките, туку е само акт кој овозможува реализација на права и обврски претходно утврдени во пропишана судска или управна постапка, кои завршиле со извршна исправа.

Воедно, со оглед на тоа дека во функција на заштита од незаконитостите сторени во текот на извршувањето, законодавецот пропишал дека странката или учесникот кој што смета дека при извршувањето се сторени неправилности, може да поднесе приговор до претседателот на основниот суд на чија територија се спроведува извршувањето, кој е

должен да донесе решение по приговорот, при што против таквото решение странката или учесникот има право да поднесе жалба до апелациониот суд на чие подрачје се наоѓа основниот суд. Тоа значи дека законодавецот пропишал дека во судска постапка се обезбедува заштита против преземените извршни дејствија на извршителот, што е во функција на обезбедување на владеењето на правото, заштита на човековите слободи и права и спроведување на правдата.

Неоснован е и наводот во Иницијативата дека законската одредба за издавање на ваквата дозвола не била во согласност со член 26 од Уставот, со кој се гарантирала неповредливоста на домот. Ова затоа што согласно Законот за извршување, извршителите се лица кои вршат јавни овластувања утврдени со закон, при што со овој закон се уредуваат правилата според кои извршителите постапуваат, заради присилно извршување на судска одлука која гласи на исполнување на обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено, како и врз присилно извршување на одлука донесена во управна постапка која гласи на исполнување на парична обврска, освен ако со друг закон поинаку не е определено. Со оглед дека извршувањето врз подвижни предмети се спроведува со попис, процена, пленидба и продажба на предметите и намирување на доверителот од износот добиен со продажбата, тоа несомнено значи дека доколку постои потреба за извршување на конкретна извршна исправа со спроведување попис, процена и пленидба на подвижни предмети, тоа подразбира извршителот, по добиена дозвола од претседателот на судот, да има пристап во станот на должникот, каде во постапка пропишана со закон и со преземање на дејствија пропишани со закон, ќе обезбеди извршување на извршната исправа, а странката или учесникот којшто смета дека при извршувањето се сторени неправилности, може да поднесе приговор до претседателот на основниот суд на чија територија се спроведува извршувањето, а понатаму и жалба до апелациониот суд. Поради тоа, преземањето дејствија во станот на должникот, од страна на извршителите како лица кои вршат јавни

овластувања утврдени со закон, во законски пропишана постапка, заради извршување на извршна исправа, не може да се прифати како нарушување на неповредливоста на домот.

Согласно горенаведеното, оспорените одредби од членот (84) ставовите (1), (2), (3) (7) и (8) од Законот за извршување, се во согласност со членот 26 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на оспорените одредби од Законот за извршување

**<u>Точка 8</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 9</u>**

1. Министерот за труд и социјална политика, Мила Царовска ги информираше членовите на Владата дека Предлог–законот за изменување на Законот за работните односи, поднесен од група пратеници (во делот на продолжување на породилното отсуство) се наоѓа во собраниска постапка и дека ставот на Министерството за труд и социјална политика е да се заземе негативен став по предлогот, имајќи ги предвид сериозните фискални импликации.

2. По повод укажувањето на д-р Арбен Таравари, министер за здравство, а во врска со начинот на плаќање на финансиските обврски по подигнатиот странски кредит од страна на заедничкото водоводно-комунално претпријатие „Проаква“ на општините Охрид и Струга и со оглед на фактот дека на Општина Струга, преку извршител и се извршуваат финансиски средства за финансиските обврски кои произлегуваат од кредитот, Владата заклучи:

- Се задолжува Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави информација со соодветен предлог

3. По повод укажувањето на Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, а во врска со Експертскиот комитет за ромски и мигрантски прашања (CAHROM), Владата го задолжи Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во соработка со Министерството за труд и социјална политика и Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да подготви и во редовна владина постапка да достави соодветен материјал (акт) со кој ќе се назначи министерот без ресор, Самка Ибраимовски, задолжен за имплементација на Стратегијата за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, да биде член во ова тело и да ја претставува Република Македонија на Експертскиот комитет за ромски и мигрантски прашања (CAHROM), а дополнително Министерството за труд и социјална политика да предложи заменик-член од ова министерство.

4. Владата на предлог на Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, а во врска со барањето упатено од Комитетот на експерти за примена на конвенциите и препораките на Меѓународната организација на труд, со кое се бара законски измени во делот на заменските наставници, заклучи:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука да подготви и во рок од седум дена, до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование (член 38 став 7) и Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование (член 25 став 2).

2. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика да подготви и во рок од седум дена до Владата да достави Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата (член 174-а).

5. Министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски, ги информира членовите на Владата дека Собранието на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија на 19.5.2017 година има донесено Одлука за донесување на Акт за висина на минимални трошоци за вршење на книговодствени работи и надоместок за сметководствени услуги.

Со оглед дека согласно член 7 од Законот за вршење на сметководствени работи и член 19 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија, Собранието на Институтот нема надлежност да ја утврдува висината на минималните трошоци на сметководствените услуги, министерот за финансии информира дека Министерството за финансии укажа на Институтот за тоа дека донесената Одлука е незаконска и истата треба да ја стави вон сила, а доколку Управниот одбор на Институтот пристапи кон донесување на акт согласно член 31, точка 14 од Статутот на Институтот, со истиот ќе треба да ги утврди само критериумите за утврдување на цената на сметководствени услуги, а не и висината на надоместокот за тие услуги.

6. По повод укажувањето на м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура во врска со закажаниот концерт на музичарот Чик Кореја, кој ќе се одржи на 2.7.2017 година во Метрополис арената – Скопје, а поради побараните стандарди од музичарот, се укажува на Националната установа Македонска филхармонија водејќи се од своите надлежности и совесно одлучување да склучи облигаторен договор со организаторот на концертот, за времено отстапување од три дена на предмет (пијано „стенвеј“) со кој ќе бидат регулирани сите активности и обврски на организаторот (од аспект на обезбедување на соодветен транспорт на предметот, осигурување и надоместокот на штета во случај на оштетување, обезбедување на средства за одржување/штимање и сл).

**Точка 10**

Владата ја разгледа Информацијата за преземени мерки за заштита на права од интелектуална сопственост, за периодот од 1 јануари до 31 март 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за можноста за поврзување на посебниот софтвер за внесување на податоците за сообраќајните незгоди со базата на податоци на осигурителните компании и Националното биро за осигурување, како материјал за информирање.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за регистрирани инциденти на насилство во училиштата и преземените мерки во периодот од 1 јануари до 31 март 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за откриени случаи на криумчарење на земјоделско-прехранбени производи и жив добиток на граничните премини и илегалните премини во периодот од 1.1.2017 до 31.3.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спроведување на Законот за јавна чистота, во периодот од 1.1.2017 до 31.3.2017 година, како материјал за информирање

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми, во периодот од 1.1.2017 година до 31.3.2017 година, со табеларен преглед на податоци, како материјал за информирање.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14.40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Зоран Заев**